Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и Општина Виница, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2026 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија и Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 27.10.2026 година се објавува:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 40-3231/16
27.10 2026 год
ВИНИЦА

**ЈАВЕН ПОВИК**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско – корисна работа**

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект **„Нега на стари и немоќни лица”** за работно ангажирање од 40 (четириесет) часа неделно за период од 9 (девет) месеци, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Виница.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ ќе бидат работно ангажирани 40 (четириесет) работни часови неделно, за период од 9 (девет) месеци при што статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ имаат сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување- активни баратели на работа со стекнат сертификат за давател на услуга во согласност со активностите кои се поддржани со мерката ОКР.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од **24.000,00 денари** бруто износ со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- *Негователи* на стари и немоќни лица – Виница – 3(три) извршители;

Потребни квалификации – завршено основно образование, комуникативни вештини, емпатичност, толерантност и задолжителен сертификат за негователи за лица со попреченост.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување-Центар за вработување Виница во периодот од 28.10.2026 година до 04.11.2026 година од 07.30 часот до 15.30 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Виница и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Виница кај лицето Наталија Ефремова, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување – Виница кај лицето Орце Христовски, Центар за социјални работи Виница кај лицето Емилија Илиева.

**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**Градоначалник**
**Митко Костадиновски**